Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

**- Сектор за јавна внатрешна финансиска контрола -**

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

| Примено: E pranuar: | 09-10-2020 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един. Njësia Org. | Број: Numri: | Прилог: Shtojse: | Вредност: Vlerë: |
| 43-8976/2 | | | |

Архивски број: 16-6921/2
Датум: 06-10-2020

**До: Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија**

Предмет: Известување
Врска: Ваш допис број 43-8976/1 од 25.09.2020 година

Почитувани,

Во врска со Предлог - Иницијативата на Фондацијата Отворено општество - Македонија, Министерството за финансии ве известува дека во рамки на Твининг проектот „Зајакнување на буџетското планирање, извршување и функциите на внатрешната контрола" подготвен е Нацрт - Закон за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор. Во овој закон, нема да биде уредено преземањето мерки против неправилности и измами, како во членот 50 од Глава VII. од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, а ќе има упатна одредба дека во случај на утврдени неправилности и/или постоење сомневање за неправилност и измама, истите ќе бидат пријавени согласно одредбите од Законот за заштита на укажувачи („Службен весник на Република Македонија" бр. 196/15 и 35/18) кој е во надлежност на Министерството за правда.

Имајќи го предвид ова, како и фактот дека предлагач на Законот за спречување на корупција и судир на интереси е Министерството за правда, а „Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022" како своја посебна цел 3.3. има предвидено „Зајакнување на интегритетот на институциите", предложената иницијатива „Унапредувањето на политиките за интегритет" е во надлежност на Министерството за правда и Министерството за информатичко општество и администрација.

Со почит,

МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ

Dr. Fatmir Besimi

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за финансии - Скопје / Ministria e Financave - Shkup
IV

ДОСТАВЕНО И ДО:
- Фондацијата Отворено општество - Македонија

Изработил: Марија Апостоловска
Проверил: м-р Нада Ачевска
Согласен: Трајко Спасовски
Одобрил: д-р Ширет Елези/м-р Јулијана Петановска


Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев" бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 337
www.finance.gov.mk